SUCCESS STORY



# Миграција и консолидација на системите за СППФТ

Во јануари 2014 год. Еуростандард банка АД Скопје стана целосен сопственик на Поштенска банка АД Скопје и го започна процесот на присоединување на банките. Во следните неколку месеци се одвиваа административните работи за спојување на банките.

При техничката консолидација на двете банки, на Нет.Бит му беше целосно доверена миграцијата и консолидацијата на податоците на системите за спречување на перење пари и финасирање тероризам (СППФТ) која требаше да биде завршена во многу краток рок, до 30.06.2014.

Целта беше да се консолидираат технологиите на работа, податоците и сценаријата на двете банки, а при тоа да се зачуваат сите стари податоци и историјата на сите клиенти. Покрај тоа, требаше старите изданија на софтверот SironAML и SironRAS, инсталирани во 2010 година, да се надградат на најновото издание.

Притоа, рокот за техничкото спојување беше директно поврзан со регулаторните обврски на Еуростандард банка.

И покрај тоа што двете банки користеа Siron софтвер за спречување на перење пари и финансирање тероризам испорачан од Нет.Бит и Tonbeller AG уште во 2010 година, миграцијата и консолидација на системите беше комплексен проект.

Сложеноста на проектот беше во тоа што службите во банките користеа различни методологии на работа и различни сценарија, делумно различни продукти, потоа системите на двете банки беа со различна структура на податоците, па дури и на сосема различни хардверски и софтверски платформи.

„Ефективен систем за спречување на перење пари, усогласување и известување е неопходен за секоја банка и во спротивно банката е изложена на зголемен финансиски, репутациски и правен ризик.

Од големо значење за нас при спојувањето беше да не ги изгубиме старите податоци и историјата на постојните клиенти на двете банки, а системите да продолжат да работат без прекини за време на спојувањето.

Нет.Бит одговори брзо и флексибилно на нашите бизнис потреби и работеше во рамките на нашите технички барања. Многу сме задоволни со квалитетот и професионалноста во спроведувањето на проектот од страна на тимот на Нет.Бит.

Со доверувањето на миграцијата и консолидацијата на системите за СППФТ на Нет.Бит ние можевме да се фокусираме на другите итни прашања кои произлегоа со спојувањето на двете банки, а истовремено ги елиминиравме големите трошоци кои би произлегле доколку употребевме мануелен пристап од страна на нашите вработени. ”

– *Калина Миљовска Антевска, Директор за усогласеност, Еуростандард банка*

„При спојувањето на двете банки беше неопходна миграција и консолидација на системите, а нашиот тим беше презафатен со миграцијата на основниот банкарски систем. Поради претходната одлична соработка, се одлучивме целата оперативна работа во проектот за миграција и консолидација на системите за спречување на перење пари да ја препуштиме на тимот на Нет.Бит.

Техничката супериорност на SironAML софтверот од Tonbeller AG, во комбинација со експертизата на искусниот тим на Нет.Бит, резултираше со успешно завршен проект, при што добивме комплетни извештаи согласно регулативата во предвидените рокови. По спојувањето на системите, не почувствувавме никакви пречки во работењето, а нашите вработени добија и обука за новата верзија на софтверот.

Нет.Бит демонстрираше компетентност и навременост и уште еднаш потврди зошто се ангажирани од реномирани банки, како од земјава така и од странство. ”

– *Славчо Манчев, Директор на сектор за ИКТ и банкарски операции, Еуростандард банка*

Поштенска банка користеше Windows Server 64-bit и Oracle база на податоци, а во Еуростандард банка платформата беше базирана на Windows Server 32-bit и Microsoft SQL база. Барањето од Банката за зачувување на историјата на клиентите и нивните кориснички профили исто така додаваше на комплексноста. Банките бараа и нивните постојни системи да останат целосно функционални до спојувањето, за да можат во целост да ги исполнат регулаторните барања до крајот на јуни 2014.

Експертите на Нет.Бит во период од само 15 дена успешно ја изведоа оваа миграција, консолидација и надградба на системите. Базите на податоци од двете банки беа целосно преработени, за да можат податоците да се внесат во заедничка база. Историјата на клиентите, статистичките податоци, и ревизорските траги беа целосно сочувани и пренесени во новиот систем. При тоа, поради големината на базите, секоја од тие операции траеше и по неколку дена, па затоа тимот постојано работеше и надвор од работното време и за викендите. Самото активирање и тестирање на продукциската околина се изведуваше во текот на викендите, со цел продукциските системи да останат целосно оперативни.

Покрај тоа, беше испорачана и најновата верзија на XML Generator for SironAML – автоматизирана алатка на Нет.Бит за изготвување на XML извештаи според регулаторните барања.

На 01.07.2014 година со издавањето на Решението од Централниот регистар на РМ и официјално Поштенска Банка се припои кон Еуростандард банка со целосно консолидиран систем за спречување на перење пари и финансирање тероризам. Сите регулаторни обрвски беа исполнети целосно и навремено.

**TONBELLER AG**
Werner-von-Siemens-Str.2
64625 Bensheim, Germany
Telefon: +49 6251 7000 – 0
www.tonbeller.com

**Нет.Бит д.о.о.**
Бул. Партизански одреди 18А
1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.: +389 2 32 98 533
www.netbit.mk